Број 1 Година XIII

# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК
# НА
# ОПШТИНА КАРПОШ

СКОПЈЕ, јануари 2019

ул.Радика бр.9 бараки бр.1 и бр.2 тел. 02/3055 -903, факс: 02/3062-925
www.karpos.gov.mk; sovet@karpos.gov.mk

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002), а во врска со член 75, став 1 од Статутот на Општина Карпош („Службен гласник на Општина Карпош“ бр.1/2006, 8/2013 и 15/2014), Градоначалникот на Општина Карпош, донесе

ЗАКЛУЧОК
**за објавување на Решение за именување вршител на должноста на директор во ООУ „Војдан Чернодрински“- Општина Карпош, Скопје**

1. Се објавува Решението за именување вршител на должноста на директор во ООУ „Војдан Чернодрински“- Општина Карпош, Скопје

2. Овој заклучок влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош“.

**Број: 11-658/1**
**Датум: 20.01.2019 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА КАРПОШ,**
**Стефан Богоев, с.р.**

Број: 11-8471/5
Датум: 29.10.2018 година
Скопје

Врз основа на член 50 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002), а во врска со член 135 став 1, 3 и 4 од Законот за основното образование („Службен весник на Република Македонија“ бр.103/08, 33/10, 116/10, 156/10, 18/11, 51/11, 6/12, 100/12, 24/13, 41/14, 116/14, 135/14, 10/15, 98/15, 145/15, 30/16, 127/16 и 67/17, 64/18), Градоначалникот на општина Карпош, донесе

## Р Е Ш Е Н И Е

**за именување вршител на должноста на директор во**
**ООУ „Војдан Чернодрински“- општина Карпош, Скопје**

1. Поради предвремен престанок на мандатот на директорот во ООУ „Војдан Чернодрински“ – општина Карпош - Скопје, за вршител на должноста на директор од редот на вработените во училиштето, СЕ ИМЕНУВА **Катерина Ташкова** од Скопје.
2. Функцијата вршител на должноста на директор, Катерина Ташкова ќе ја врши до именување на нов директор, но не подолго од 6 (шест) месеци од денот на именувањето.
3. Ова решение влегува во сила и ќе се применува со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на општина Карпош“.

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

До Градоначалникот на општина Карпош на ден 22.10.2018 година доставен е писмен допис – Оставка на функција директор, заведен под деловоден број 53-8471/1 од кој се утврди дека, од страна на досегашниот директор на ООУ „Војдан Чернодрински“, м-р Христина Ристевска, поднесена е оставка на функцијата - директор на училиштето.

Предвид наведеното, а согласно член 50 од Законот за локалната самоуправа и член 135 став 1, 3 и 4 од Законот за основното образование, се одлучи како во диспозитивот на ова решение.

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА КАРПОШ**
**Стефан Богоев,с.р.**

Доставено до:
- Именуваната
- ООУ „Војдан Чернодрински“
- Одделение за образование
- Архива

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002), а во врска со член 75, став 1 од Статутот на Општина Карпош („Службен гласник на Општина Карпош“ бр.1/2006, 8/2013 и 15/2014), Градоначалникот на Општина Карпош, донесе

ЗАКЛУЧОК

**за објавување на Решение за избор на директор на општинското основно училиште „Којдан Чернодрински“- Општина Карпош, Скопје**

1. Се објавува Решението за избор на директор на општинското основно училиште „Војдан Чернодрински“- Општина Карпош, Скопје.

2. Овој заклучок влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош“.

**Број: 11-658/2**
**Датум: 20.01.2019 година**
**Скопје**

ГРАДОНАЧАЛНИК
НА ОПШТИНА КАРПОШ,
**Стефан Богоев, с.р.**

Број: 11-109/2
Датум: 08.01.2019 година
Скопје

Врз основа на член 50 и член 63 став 1 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002), во врска со член 132 став 1 од Законот за основното образование („Службен весник на Република Македонија“ бр.103/08, 33/10, 116/10, 156/10, 18/11, 51/11, 6/12, 100/12, 24/13, 41/14, 116/14, 135/14, 10/15, 98/15, 145/15, 30/16, 127/16, 67/17 и 64/18), постапувајќи по предлогот за избор на директор на Училишниот одбор на ООУ „Војдан Чернодрински“ – Скопје број 03-303/3 од 28.12.2018 година, Градоначалникот на Општина Карпош, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за избор на директор на општинското основно училиште „Војдан Чернодрински“- Општина Карпош, Скопје**

1. Лицето **Катерина Ташкова** од Скопје, СЕ ИЗБИРА за директор на општинското основно училиште „Војдан Чернодрински“ – Општина Карпош – Скопје, со мандат од 4 (четири) години, сметано од 09.01.2019 година заклучно со 09.01.2023 година.

2. Бруто износот на плата на директорот на ООУ „Војдан Чернодрински“ – Општина Карпош, Скопје ќе биде утврден со посебено решение донесено од страна на училиштето, согласно важечките законски прописи.

3. По истекот на мандатот именуваната од точка 1 на ова Решение, има право да се врати на работа во училиштето каде работела пред да биде избрана за директор, за вршење на работи кои одговараат на нејзиниот вид и степен на стручна подготовка, во рок од 15 (петнаесет) дена по престанокот на функцијата директор.

4. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на општина Карпош“.

5. Со донесување на ова Решение, престанува да важи Решението број 11-8471/5 од 29.10.2018 година.

О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е

Училишниот одбор на ООУ „Војдан Чернодрински“ до Градоначалникот на Општина Карпош на ден 28.12.2018 година достави писмен допис Предлог за избор на директор на ООУ „Војдан

Чернодрински“ со прилог Записник од одржана седница на Училишниот одбор број 03-303/2 од 27.12.2018 година.

Од доставениот предлог за избор на директор на ООУ „Војдан Чернодрински“, Општина Карпош – Скопје, Записникот од одржаниот состанок на Училишниот одбор при ООУ „Војдан Чернодрински“, Скопје на ден 27.12.2018 година за спроведување на постапка за избор на директор бр.03-303/2 од 27.12.2018 година (арх бр.11-10463/1 од 28.12.2018 година) во присуство на претставник на Бирото за развој на образованието, се констатира дека единствениот пријавен кандидат на Огласот за избор на директор на училиштето, Катерина Ташкова едногласно ги добила сите 8 гласови од присутните членови поради што истата од страна на Училишниот одбор беше предложена за кандидат за директор на училиштето.

Предвид наведеното, а согласно член 50 од Законот за локалната самоуправа и член 132 став 1 Законот за основното образование, се одлучи како во диспозитивот на ова решение, односно лицето Катерина Ташкова од Скопје, се избра за директор на општинското основно училиште „Војдан Чернодрински“, Општина Карпош Скопје.

Со оглед дека поради предвремен престанок на мандатот на директор на ООУ „Војдан Чернодрински“, Општина Карпош – Скопје, до завршување на постапката за избор на директор на училиштето, во истото беше именуван вршител на должноста – директор, со донесување на ова Решение, престана да важи Решението за именување вршител на должноста на директор во ООУ „Војдан Чернодрински“, Општина Карпош - Скопје број 11-8471/5 од 29.10.2018 година.

**ПРАВНА ПОУКА:** Кандидатите кои не се избрани имаат право на жалба во однос на спроведувањето на постапката за избор на директор до Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен во рок од 15 дена од денот на приемот на оваа одлука.

ГРАДОНАЧАЛНИК
НА ОПШТИНА КАРПОШ
Стефан Богоев, с.р.

Доставено до:
- Именуваната
- ООУ „Војдан Чернодрински“
- Одделение за образование
- Архива

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002), а во врска со член 75, став 1 од Статутот на Општина Карпош („Службен гласник на Општина Карпош“ бр.1/2006, 8/2013 и 15/2014), Градоначалникот на Општина Карпош, донесе

ЗАКЛУЧОК

**за објавување на Решение за исправка на очигледна техничка грешка на Решението за избор на директор на ООУ „Војдан Чернодрински“ број 11-109/1 од 08.01.2019 година**

1. Се објавува Решението за исправка на очигледна техничка грешка на Решението за избор на директор на ООУ „Војдан Чернодрински“ број 11-109/1 од 08.01.2019 година.

2. Овој заклучок влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош“.

**Број: 11-658/3**
**Датум: 20.01.2019 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА КАРПОШ,**
**Стефан Богоев, с.р.**

МКД СЕРТИФИКАТ
МКС EN ISO 9001:2009

Број: 11-109/5
Датум: 16.01.2019 година
Скопје

Врз основа на член 50 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002) во врска со член 97 од Законот за општата управна постапка („Службен весник на РМ бр.124/15 и 65/18), постапувајќи по Известувањето на ООУ „Којдан Чернодрински“ број 03-12/1 од 15.01.2019 година, Градоначалникот на Општина Карпош, донесе

## Р Е Ш Е Н И Е

**за исправка на очигледна техничка грешка на Решението за избор на директор на ООУ „Којдан Чернодрински“ број 11-109/1 од 08.01.2019 година**

1. Се врши исправка на очигледна техничка грешка во Решението за избор на директор на општинското основно училиште „Којдан Чернодрински“ – Општина Карпош, Скопје број 11-109/1 од 08.01.2019 година на начин што во делот на деловодниот број во горниот десен агол од решението, на првата страна каде што со плаво мастило е извршена корекција, треба да стои „Број 11-109/1” и во делот каде што со коректор бела боја е покриен деловодниот број, на третата страна од решението, над правната поука треба да стои „Број 11-109/1“, а во останатиот дел Решението број 11-109/1 од 08.01.2019 година останува неизменето.
2. Ова решение има правно дејство од денот од кој има правно дејство Решението број 11-109/1 од 08.01.2019 година и претставува составен дел од тоа решение.

## О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е

Градоначалникот на општина Карпош донесе Решение број 11-109/1 од 08.01.2019 година за избор на директор на ООУ „Којдан Чернодрински“, општина Карпош – Скопје. Со оглед дека од страна на Централниот регистар на РМ изготвеното решение беше вратено поради вршени корекции на третата страна од истото настанати како резултат од измените во архивските броеви кои се аплицираат на крајот и почетокот од секоја година, се изврши исправка на очигледна техничка грешка како во диспозитивот на ова решение.

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА КАРПОШ**
**Стефан Богоев, с.р.**

Доставено до:
- Именуваната
- ООУ „Којдан Чернодрински“
- Одделение за образование
- Архива

СОДРЖИНА

1. Решение за именување вршител на должноста на директор во ООУ „Војдан Чернодрински“ – Општина Карпош, Скопје, со Заклучок за објавување,
2. Решение за избор на директор на општинското основно училиште „Војдан Чернодрински“ – Општина Карпош, Скопје, со Заклучок за објавување и
3. Решение за исправка на очигледна техничка грешка на Решението за избор на директор на ООУ „Војдан Чернодрински“ број 11-109/1 од 08.01.2019 година, со Заклучок за објавување.

Издавач: Општина Карпош
Уредува: Сектор за правни работи
Адреса: ул.Радика бр.9, бараки бр.1 и бр.2
Тираж: 25 примероци